**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден ……2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година е продолжение на успешната приказна од 2023 година, по која Крива Паланка стана препознатлива во пошироки рамки како општина со богата и добро организирана културна програма, привлечна за поширокиот регион. Во програмата се превземени во предвид настаните кои беа одлично прифатени и предизвикаа сериозен интерес кај локалната заедница, програми и настани кои беа интересни за љубителите од поширокиот регион, како и содржини за кои изготвувачите на програмата сметаа дека треба да бидат дел од културната програма на градот за 2024 година. Со имплементација на предвидените програмски содржини интенција е да се збогати културниот живот на локаланта заедница, да се привлечат посетители од поширокиот регион, но и да се поттикнат локалните млади за активно вклучување во креирањето на локалната политика за развој на културата и поттикнување на нивната креативност и креативна работа.

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните и граѓанките од областа на културата и уметноста;
- Сочувување и афирмирање на духовното културно наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;
- Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и уметноста;
- Воведување нови форми и содржини на културно творење и изразување;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата.
- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности;

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Реализирање на манифестации, настани, програми и проекти кои и дават посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата;

-Гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка земајќи предвид да има еднаква или близу еднаква родова застапеност;

-Унапредување на меѓународна културна соработка со збратимени градови на Општина Крива Паланка врз реципрочна основа;

-Остварување на продуктивна соработка со домашни и меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;

## 1. Празници, манифестации, настани кои ги организира општината како годишни

| Р.Б рој | 1. Празници, манифестации настани | Носител на активноста | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Родови индикатори /резултати | Средства Вкупно (изразени во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | | |
| 1 | **БАДНИК**<br>**5-ти Јануари**<br>Традиционално одбележување на празникот Бадник со поделба на бадниково дрво; избор на кум на Бадник на традиционален начин, Бадникова поворка и народна веселба<br>**Место:** Градски плоштад | ЛУ Градски Музеј | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво<br>НУ Центар за култура<br>Општина Крива Паланка<br>Здружение Бадникова поворка | -Организација на настанот и логистика;<br>- Бадникова поворка<br>- избор на кум на Бадник<br>- Народна веселба | Број на доставени учесници/ки на настанот од оваа категорија<br>Родова застапеност на учесниците на настанот (изразено во %) | |
| 2 | **БОЖИЌ**<br>**7-ми Јануари**<br>Одржување на свечен Божиќен концерт<br>**Место:**<br>Градски плоштад | ЛУ Градски Музеј | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво<br>Општина Крива Паланка | - Логистика, организација и одржување на концертот | Родова застапеност на учесници на концертот (во %) | |
| 3 | **ВОДИЦИ**<br>**19 Јануари**<br>Организирање на настан-осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст<br><br>Организација на манифестација Пивтијада 2024 година<br>**Место:** Градски плоштад / Крива Река (кај Шанин Мост) | ЛУ Градски Музеј | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво<br>Здружение ВЕЗИЛКА и Адријана Алачки<br>Локални угостители | -организација и логистика / подароци за лицата кои ќе го фатат крстот;<br>-Организација на манифестацијата Пивтијада 2024 година; | Пол на лица кои учествувале во настанот за фаќање на крстот (% на жени од вкупен број)<br>Број на учесници на Пивтијада разделен по пол | |
| | **АПРИЛ** | | | | | |
| 4 | **ДЕН НА ШЕГАТА**<br>**1-ви Април**<br>Кривопаланечки маскенбал со учество на деца и ученици; пречек и и свечено претставување на маските и избор на најдобри маски<br>**Место**: плоштад Карпошово востание | ЛУ Градски Музеј | Општина Крива Паланка<br>НУ Центар за култура<br>ЈОУД „Детелинка“<br>ООУ ЈОаким Крчовски<br>ООУ Илинден | -Организација и логистика;<br>-Првоаприлско дефиле;<br>-избор на најдобри маски и награди ; | Број на учесници/ки на настанот од оваа категорија<br>Родова застапеност на учесниците на настанот (изразено во %) | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **ДЕН НА РОМИТЕ**<br>7-ми Април<br>Свечено одбележување на Денот на Ромите<br>**Место: /** | Општина Крива Паланка | / | Организирање на свечен настан по повод денот / свечена вечера | Одржан настан со почитување на принципот на родова еднаквост | |
| | **МАЈ** | | | | | |
| 7 | **ПАТРОН ПРАЗНИК НА СВ.ЈОАКИМ КРЧОВСКИ**<br>**23-ти Мај**<br>Свечена програма по повод празникот со пригодна културно-уметничка програма<br>**Место:** НУ Центар за култура / ООУ Свети Јоаким Крчовски | Општина Крива Паланка<br>ООУ Свети Јоаким Крчовски | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Логистика и организација;<br>-имплементација на програмата<br>-Промотивен материјал; | Број на доставени учесници/ки на настанот од оваа категорија<br>Родова застапеност на учесниците на настанот (изразено во %) | |
| 8 | **СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ДЕН НА ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА**<br>**24-ти Мај**<br>Свечена академија по повод празникот со свечена програма и доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>Пригоден концерт по повод празникот<br>**Место: НУ Центар за култура** | Општина Крива Паланка | НУ Центар за култура | -Логистика и организација;<br>-Свечена академија и доделување на наградите<br>-Организација и имплементација на програмата<br>- пригоден концерт по повод празникот<br>-Промотивен материјал; | Број на доставени учесници/ки на настанот од оваа категорија<br>Родова застапеност на учесниците на настанот (изразено во %) | |
| | **ЈУЛИ** | | | | | |
| 9 | **Трилатерална Погранична средба КРАИШТЕ 2023**<br>**12 јули**<br>Културно – забавна средба со народна веселба (собор) на македонско – српската граница во организација на општините Крива Паланка (Р.С.М), Ќустендил (Р.Б) и Босилеград<br>**Место: м.в.** Голеш | Општина Крива Паланка | НУ Центар за култура | Логистика и организација;<br>-Организација и имплементација на програмата за настанот<br>-Промотивен материјал; | | |
| | **АВГУСТ** | | | | | |
| 10 | **2-ри АВГУСТ - ИЛИНДЕН**<br>**2-ри Август**<br>Свечено одбележување на денот и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | ЛУ Градски Музеј | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | Логистика и организација;<br>-Организација и имплементација на програмата за настанот<br>-Промотивен материјал;; | Промотивен материјал посветен на жените и мажите кои се бореле за ослободување и самостојност на државата | |
| 11 | ***СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ***<br>***29-ти Август***<br>Одбележување на општинскиот празник Св.Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Крива Паланка<br>**Место: Кабинет на Градоначалник / Голема сала** | Општина Крива Паланка<br>Градоначалник на Општина<br>Совет на Општина | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво<br>НУ Центар за култура | -Логистика и организација за прием и пречек на гости и делегации од земјата и странство<br>- размена на подароци | Обележан празник со нагласок дека општината промовира еднакви можности и просперитет за сите жени и мажи, девојчиња и момчиња | |
| 12 | **ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА** | | | Логистика и | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***28-29-ти Август***<br>Организација на Фестивал на храна<br>**Место**: Градски Плоштад / Градски стадион | Општина Крива Паланка | Здруженија на граѓани, збратимени градови, угостители | организација;<br>-Организација и имплементација на програмата за настанот<br>-Промотивен материјал; | Број на учесници /промотери на храна на фестивалот разделен по пол | |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | | |
| 13 | **8-МИ СЕПТЕМВРИ – ден на осамостојувањето**<br>**8-ми Септември**<br>Свечено одбележување на денот на осамостојувањето и полагање на свежо цвеќе на споменик на паднати борци од НОВ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | ЛУ Градски Музеј | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | Логистика и организација;<br>-Организација и имплементација на програмата за настанот<br>-Промотивен материјал; | Одржан настан со почитување на принципот на родова еднаквост | |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | | |
| 14 | **8-МИ ОКТОМВРИ - празник на градот**<br>**8-ми Октомври**<br>Свечено прославување на 80 години ослободување на градот со Свечена академија, полагање на свежо цвеќе на спомеником на паднатите борци, Концерт по повод празникот и имплементација на Шопска софра<br>**Место:** плоштад Карпошово востание / НУ центар за култура | Општина<br>Крива Паланка<br>Градоначалник | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | -Организација и логистика / -Сместување на гости;<br>- свечената академија со доделување на награди и признанија<br>- Свечен концерт по повод денот<br>-Свечена промоција на видео<br>- свечена промоција на химна за Крива Паланка<br>- Шопска софра | Одржан настан со почитување на принципот на родова еднаквост | |
| 15 | **11-ТИ ОКТОМВРИ – Ден на востанието**<br>Свечено одбележување на 11-ти Октомври - Ден на востанието на РМ со полагање на цвеќе на спомеником од НОБ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание, споменик од НОБ | ЛУ Градски Музеј | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | Логистика и организација;<br>-Организација и имплементација на програмата за настанот<br>-Промотивен материјал; | Одржан настан со посвета на жените и мажите партизани кои се бореле во НОБ | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |

## 2. Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината

| Р.Б рој | **1. Празници, манифестации настани** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Покровител/поддржувач** | **Планирани активности** | **Родови индикатори** | **Средства Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МАРТ** | | | | | | |
| 1 | **ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА**<br>***8-ми Март***<br>Организација на манифестација Свечено поклонение на Св. Теодор Тирон со учество на снаи свекрви, група за изворен фолклор и свечена трпеза;<br>**Место:** црква Св. Теодор Тирон, с. Конопница | МЗ Конопница<br>Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка | МПЦ-ОА КАН<br>НУ Центар за култура | Општина Крива Паланка | -Дизајн и печат. на промотивни материјали;<br>-Логистика и организација;<br>-Продукти и материјали;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Музичка придружба; | Улогата на жените и мажите во религијата е земена предвид при официјални обраќања | |
| | **АПРИЛ** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА**<br>***Април***<br>Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација; дегустација на храна и пригодна музичка програма<br>**Место**: плато пред ЛУ Градски Музеј | ЛУ Градски Музеј | НУ Центар за култура | Општина Крива Паланка | -Организација и логистика;<br>-Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички; | Број на мажи и жени кои украсувале велигденско јајце | |
| | **ЈУЛИ** | | | | | | |
| 4 | ***КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО***<br>***20 јули - 20 август***<br>Летна културна манифестација со културни содржнини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер:<br>Осоговска староградска вечер,<br>Вечери на акустична музика,<br>Детски фолклорен фестивал Паланечка тројка,<br>Годишни концерти на локални културно уметнички здруженија,<br>**Место:** различни локации, погодни за реализација на културни настани и манифестации | НУ Центар за култура | ЛУ Градски Музеј<br>Други здруженија и организации | Општина Крива Паланка | -Музичко - сценски настани;<br>-Драмски претстави;<br>-Поетски читања;<br>-Ликовни настани;<br>-Фолклорни изведби;<br>-Авторски хонорари;<br>-Изведувачки хонорари;<br>-Поддршка на локални културно-уметнички здруженија; | Манифестации одржани кои активно промовираат родова еднаквост<br><br>Број на доделени авторски хонорари разделен по пол<br><br>Вид на локални културно-уметнички здруженија кои добиле поддршка од општината | |
| | **АВГУСТ** | | | | | | |
| 5 | **„ЏОЈ ФЕСТ“ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***26-27 Август***<br>Организација на <u>10-то</u> издание на реномираниот музички фестивал „ЏОЈ ФЕСТ“<br>**Место:** Градски Поштад | Здружение Музички фестивал ЏОЈ ФЕСТ Кр. Паланка | | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Изведувачки хонорари;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Промотивен материјал; | Број на уметници/изведувачи кои учествувале на фестивалот разделен по пол | |
| 6 | ***ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКОРЕН ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски„***<br>***23,24,25 Август***<br>Организација на <u>18-то</u> издание на Интернационалниот Фолклорен Фестивал со учество на гости од РСМ и странство<br>**Место:** Градски плоштад | НУ Центар за култура Крива Паланка | КУЗ Карпош<br>КУЗ Фолклорист и<br>КУД 8-ми Октомври | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Сместување на гости;<br>- имплементација на програма<br>-Промотивен материјал; | Број на уметници/изведувачи кои учествувале на фестивалот разделен по пол | |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | | | |
| 7 | ***МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „Св.Јоаким Осоговски„***<br>***5-15 Септември***<br>Организација на <u>38-мо</u> издание на реномираната Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски<br>**Место:** Манастир Св. Јоаким Осоговски | Здружение МЛК Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка | МПЦ-ОА Кумановско Осоговска Епархија | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>- имплементација на колонијата<br>-Промотивен материјал; | Број на уметници кои учествувале на колонијата разделен по пол | |
| 8 | ***МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски’***<br>**23-30 септември**<br>Организација на 16-то издание | Здружение Театарски Фестивал Крива | НУ Центар за култура | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-промотивен материјал<br>-фестивалска | Број на артисти и други учесници кои учествувале на фестивалот разделен по пол | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на фестивалот<br>**Место:** НУ Центар за култура | Паланка | | | програма<br>-Промотивен материјал; | | |
| | **ДЕКЕМВРИ** | | | | | | |
| 8 | **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ“ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***1 -15 ти Декември***<br>Организација на 10-<u>то</u> издание на Музички фестивал за младите кривопаланчанчиња за промоција на нови таленти и негување на музичките вредости<br>**Место:** НУ Центар за култура | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | НУ Центар за култура | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-фестивалска програма<br>-Промотивен материјал; | Број на учесници деца разделен по пол | |
| 9 | ***НОВОГОДИШЕН БАЗАР /ФЕСТИВАЛ/***<br>***25-31 Декември***<br>Предновогодишни празнувања/ фестивал/со културни и музичко-сценски настани, концерти и изложби, дневна и вечерна предновогодишна музичка програма, програма за најмладите со кловнови, жонглери и Дедо Мраз<br>**Место**: Градски Плоштад | Здруженија на граѓани | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј | Општина Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-организација на фестивалот<br>-Учесници и учеснички;<br>-Промотивен материјал | Поделени и продадени материјали и продукти кои не шират родови стереотипи | |
| | **ВКУПНО** | | | | | | |

## 3. Подршка на годишни програми и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата

Оваа активност подразбира директна поддршка на локалните здруженија на граѓани и нивните годишни програми, односно поддршка на активности за кои се смета дека ќе допринесат кон збогатување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Изборот на програмите е извршен врз основа на Јавен повик за распределба на буџетски средства за подршка на програмски активности и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата, според Правилникот. Согласно резулатите од повикот, за 2024 година, подржани ќе бидат следните здруженија на граѓани и локални културни дејци:

| р б | **Име на здружение** | **Носител** | **Покровител/ подржувач** | **Активности** | **Родови индикатори** | **Средства Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение Ликовна колонија Св.Јоаким Осоговски Крива Паланка | Здружение Ликовна колонија Св.Јоаким Осоговски Крива Паланка | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | Програмата за ликовна колонија е родово-сензитивна | Доделени по годишна програма за активност Ликовна колонија |
| 2. | КУЗ Распеани Паланчани Крива Паланка | КУЗ Распеани Паланчани Крива Паланка | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | Програмата за КУЗ Распеани Паланчани е родово-сензитивна | |
| 3. | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности“ Крива Паланка | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности“ Крива Паланка | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | Програмата за Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности“ Крива Паланка е родово-сензитивна | Доделени по годишна програма за активност Распеано симитче |
| 4. | КУЗ ФОЛКЛОРИСТИ Крива Паланка | КУЗ Фолклористи Крива Паланка | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | Програмата за КУЗ фолклористи Крива Паланка е родово-сензитивна | 60.000 |
| 5. | Здружение за развој на култура и уметност ГИГА Крива Паланка | Здружение за развој на култура и уметност ГИГА Крива Паланка | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | Програмата за Здружение за развој на култура и уметност ГИГА Крива Паланка е родово- | 50.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | сензитивна | |
| | **Поддржани физички лица – културни дејци по основ на објавениот повик** | | | | | |
| 1 | Роберт Цветковски<br>- ликовен уметник | Роберт Цветковски | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | | |
| | Ѓорѓи Костовски<br>- фотограф - | Ѓорѓи Костовски | **Општина Крива Паланка** | **Согласно приложени активности на Јавниот повик** | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |

### 4. Други оперативни трошоци

| | **Име на активност** | | **Средства Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|
| 1. | **Трошоци за конкурс за химна и промотивно видео за градот** | | |
| 2. | **ЗАМП** | | |
| 3. | **Бина/опрема/осветлување** | | |
| | **ВКУПНО** | | |

Вкупни трошоци

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3,4)** | | |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2024 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министерство за култура на Република Северна Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

### ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

## VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината;
-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објавуви во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Изготвувач:**
**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

**Бр.09-**
**07.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**